Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката
за измена и дополнување на Одлуката
за извршување на Буџетот на Општината
Битола за 2009 година

1. Ја објавувам Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2009 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 28.01.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-230/1
30.01.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 5/2002), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 61/2004 и 96/2004) и член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола (“Службен гласник на Општината Битола” број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 28.01.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Одлуката**
**за извршување на Буџетот на Општината**
**Битола за 2009 година**

Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2009 година („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 17/08)

Членот 6 се менува и гласи:

„Градоначалникот на Општината ја следи реализацијата на Планот на приходите и другите приливи на основниот Буџет на Општината.

Доколку во текот на годината очекуваните приходи и други приливи се реализираат на:

* пониско ниво од одобрениот план, Градоначалникот ги намалува одобрените средства на основниот Буџет;

* повисоко ниво од одобрениот план, Градоначалникот може да изврши дополнителни отплати на главнина и камати:

* односно отстапувањето на планот на приходите и другите приливи е повисоко, Градоначалникот предлага измени и дополнувања на Буџетот на Општината и проширување и пренамени до Советот на Општината“.

Член 2

По членот 8 се додава нов член 8-а, кој гласи:

„Член 8-а

Исплатата на плати во локалните јавни установи ја контролира и одобрува Министерството за финансии. Општината е должна два дена пред исплатата на плати, до надлежното министерство и Министерството за финансии да достави барање за одобрување на средства за плати, кон кои ќе ги приложат обрасците ПДД-МП и МП-1, копија од рекапитулацијата за пресметани плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, плата како и други податоци во пишана и електронска верзија за односниот месец за кој се однесува исплатата и образец 6“.

Член 3

Во членот 12 став 1 бројот „70%“ се заменува со бројот „84%“.

Член 4

Членот 13 се менува и гласи:

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, односно платите се утврдуваат:

- за избраните и именованите лица исплатата на месечната плата ќе се врши согласно Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, со коефициент од 3,40.

За вработените во општинската администрација:

- за државни службеници вредноста на бодот изнесува 75,3 ден.
- за останатите вработени во Општинската администрација кои земаат плата по УНР вредноста на бодот изнесува 5.312,00 ден., помножен со коефициент за: ССС - 3,44, ВКВ - 3,91, ВШС - 4,84, ВСС - 5,62

- за вработените во Општинскиот одбор на МЗ вредноста на бодот е 5000 денари, помножен со коефициент за: ССС- 3,39, ВШС- 4,74, ВСС- 5,49

- за вработените во Територијалната противпожарната единица вредноста на бодот е 30 денари, помножен со коефициент за: Пожарникар – 739, Командир на оддел. и вод - 801

Зголемувањето на платите за 10% кај именованите и избраните лица, општинската администрација, вработените во Територијалната противпожарна единица, вработените во локалните јавни установи и вработените во Општинскиот одбор на МЗ ќе се врши започнувајќи со исплатата на м.септември 2009 година.

Член 5

Членовите 15, 16 и 18 се бришат.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.07-75/3
28.01.2009 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола,
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката
за утврдување и обележување места за истакнување
изборни плакати за избор на претседател на Република Македонија,
членови на Советот и Градоначалник на Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување и обележување места за истакнување изборни плакати за избор на претседател на Република Македонија, членови на Советот и Градоначалник на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 28.01.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-230/2
30.01.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 78 од Изборниот законик („Службен весник на РМ” бр.40/06, 136/08), а во врска со член 70 од Статутот на Општината Битола („Службн гласник на Општината Битола” бр.10/05), Советот на Општината Битола одржана на 28.01.2009 година, донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување и обележување места за истакнување изборни плакати за избор на претседател на Република Македонија, членови на Советот и Градоначалник на Општината Битола

### Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат местата на кои е дозволено да се истакнуваат изборни плакати за избор на претседател на Република Македонија, членови на Советот и Градоначалник на Општината Битола и се обезбедуваат еднакви услови за сите организатори на изборната кампања.

### Член 2

Изборни плакати без надоместок дозволено е да се истакнуваат на следните места:

1. На ул. „11-ти Октомври”од спојот со ул. „Јорго Османо” до спојот со ул. „Маршал Тито”, лево покрај пешачката патека - (Ринг центарот).
2. Плоштадот „Гоце Делчев”, вдолж пешачкиот остров, меѓу паркингот и Домот на културата.
3. Пред Кафе барот „Корзо”, во линија на улицата.
4. Пред Домот на Армијата.
5. Кај Спортската сала „Младост”, меѓу паркингот и ул. „Партизанска”.
6. Кај болницата на улицата „Партизанска“, пред зградата на „Шавриќ” и кон новата зграда од левата страна на „Шавриќ”.
7. Аголот на ул. „Партизанска“ и „Васко Карангелевски” (западен агол).
8. Во населбата „Брусничко-лавчанска” ул. „Булевар Социјалистичка Револуција”, на источната страна, на празниот простор спроти драгсторот.
9. На „Булевар 1-ви Мај” од цвеќерницата „Икебана“ до мостот за УВР, вдолж пешачката патека.
10. Спроти Црвениот Крст на ул.„Иван Милутиновиќ”.
11. Аголот пред стариот „Хеликоптер” на ул.„Иван Милутиновиќ”.
12. На ул.„Едвард Кардељ“, пред Домот за средношколска младина.
13. На аголот на ул.„Иван Милутиновиќ” и ул.„Наум Н.Борче”, на страната на бензинската пумпа.
14. На аголот од ул. „Иван Милутиновиќ” и ул. „Прилепска”.
15. Спојот на ул. „Борис Кидрич” и ул. „4-ти Ноември”, од двете страни.
16. Влезот на населбата „Карпош” до ул. „Бранко Радичевиќ”.
17. Паркот на ул. „Цар Самоил” и ул. „Пецо Божиновски”.
18. Во населбата „Буковски ливади”, меѓу ул. „Апостол Здравевски” и ул. „Кумровец”.

19. На подегот зграда на ГП „Маврово“ и пред Македонска банка, на ул. „Прилепска“.

20. На ул. „Иво Лола Рибар” - пат за Градскиот стадионот.

21. На ул. „Наум Наумовски Борче“ во правец на градинката.

22. На „Булевар 1-ви Мај” кај месноста „Довлеџик“, наспроти автобуската постојка.

23. Населба „Стрелиште” празен простор пред станбените згради на ул.„Арон Ариести”, „Цане Бујуковски“ и „Минела Бабуковски”.

Член 3

Истакнувањето на изборните плакати за избор на претседател на Република Македонија, членови на Советот и Градоначалник на Општината Битола, започнува од 01.03.2009 година.

На утврдените места, организаторите на изборната кампања можат да поставуваат свои подвижни паноа со залепени плакати распоредени во линија, на опишаните места од член 2 на оваа одлука, под услов да не се попречува видикот на другите паноа, но не повеќе од 3 паноа на една локација од секој организатор на изборната кампања.

Член 4

Без надоместокот изборни плакати можат да се истакнуваат на електрични столбови на висина над 3 метри.

Изборни плакати можат да се истакнуваат и на стамбени или други приватни објекти, со претходна согласност (одобрение) од сопственикот на објектот.

Член 5

Во селата од подрачјето на Општината Битола се дозволува без надоместок лепење на плакати на слободните површини погодни за таква намена, односно на стамбени или други приватни објекти со претходна согласност (одобрение) од сопственикот на објектот.

Член 6

Не се дозволува лепење плакати на објекти и фасади под заштита, односно на културно-историски споменици, спомен обележја и бисти, телефонски и електрични кабли.

Член 7

Дополнителните места за истакнување изборни плакати со надоместок се утврдуваат врз основа на барање од организаторот на изборната кампања по претходна согласност на Одделението за комунални работи и уредување на градежното земјиште.

Барањето за користење дополнителни места за истакнување паноа со изборни плакати се доставува најдоцна 3 дена пред денот определен за почеток на изборната кампања.

Висината на надоместокот се определува за секое истакнато пано согласно зонирањето утврдено во Програмата за уредување на градежното земјиште на Општината Битола и тоа:

за I -зона 15.000 ден.
II -зона 10.000 ден.
III -зона 5.000 ден.

Член 8

Организаторите на изборната кампања, во рок од 30 дена по завршувањето на изборите должни се да ги отстранат своите паноа и плакати од објектите и просторот.

Член 9

Непридржувањето кон утврдените места и определените услови повлекува казна за сторен прекршок според казнените одредби од Изборниот законик

Член 10

Надзорот над примената на оваа одлука ќе го врши Општинскиот инспекторат.

Член 11

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.07-75/4
28.01.2009 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола,
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката
## за утврдување на начинот, локациите, условите, критериумите и висината на комуналната такса за користење на објекти од комуналната инфраструктура-јавни прометни површини за одржување на јавни собири и други манифестации во рамките на предизборни кампањи на политичките субјекти на подрачјето на Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на начинот, локациите, условите, критериумите и висината на комуналната такса за користење на објекти од комуналната инфраструктура-јавни прометни површини за одржување на јавни собири и други манифестации во рамките на предизборни кампањи на политичките субјекти на подрачјето на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 28.01.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-230/3
30.01.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 3 т. 7 и член 20 т. 7 од Законот за комунални такси („Сл. весник на РМ“ бр. 61/04), член 82 т. 3 и 6 од Изборниот законик („Службен весник на РМ” бр.40/06, 136/08), член 2 т. 7 од Одлуката за утврдување на комуналните такси во Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 09/05), член 70 од Статутот на Општината Битола („Службн гласник на Општината Битола” бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.01.2009 година, донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување на начинот, локациите, условите, критериумите и висината на комуналната такса за користење на објекти од комуналната инфраструктура-јавни прометни површини за одржување на јавни собири и други манифестации во рамките на предизборни кампањи на политичките субјекти на подрачјето на Општината Битола

### Член 1

Користење на објектите од комуналната инфраструктура-јавните прометни површини-плоштади, паркинг простори и простори пред месните заедници за јавни собири, митинзи и други манифестации во рамките на предизборните кампањи се дозволува само за регистрирани политички субјекти и на локациите со соодветни квадратури одредени со оваа Одлука, како и согласно условите и критериумите утврдени со истата, одобрено со решение од Градоначалникот на Општината Битола издадено врз основа на претходно барање од субјектот.

### Член 2

За користење се одредуваат следните локации со соодветните квадратури:

- Плоштад „Гоце Делчев“ со 2.400 м2
- Паркинг зад „Градски реонски пазар“ со 2.000 м2
- Плоштад „Магнолија“ со 1.200 м2
- Простори пред сите месни заедници по 300 м2.

### Член 3

Висината на надоместокот за комунална такса за користење на јавни површини изнесува 7,оо ден./м2, согласно локацијата и утврдената квадратура во претходниот член и во термини за политичко претставување според Изборниот законик, утврдени од Државната изборна комисија.

### Член 4

Решението за одобрување на локација за користење на јавна површина го издава Градоначалникот, а врз основа на барање од политичкиот субјект, уплата на пресметаниот износ за бараната локација на жиро сметка на Општината и претходна согласност од надлежниот подрачен орган на Министерството за внатрешни работи.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-75/5
28.01.2009 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за начинот на користење на просториите во домовите на месните заедници, за организирање предизборни собири од страна на организаторот на изборната кампања од подрачјето на Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за начинот на користење на просториите во домовите на месните заедници, за организирање предизборни собири од страна на организаторот на изборната кампања од подрачјето на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 28.01.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-230/4
30.01.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 82 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија” бр.40/06, 136/08) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 28.01.2009 година, донесе

О Д Л У К А

за начинот на користење на просториите во домовите на месните заедници, за организирање предизборни собири од страна на организаторот на изборната кампања од подрачјето на Општината Битола

Член 1

Со оваа одлука се регулира начинот на користење на просториите во домовите на месните заедници, за организирање предизборни собири од страна на организаторот на изборната кампања од подрачјето на Општината Битола.

Член 2

На организаторите на изборната кампања на подрачјето на Општината Битола им се овозможуваат еднакви услови за користење на просториите на домовите на месните заедници во Општината за одржување на своите предизборни собири.

Член 3

Предизборните собири можат да се организираат во просториите на следните УЗ:

Во градот:

„Даме Груев”
„Борис Бастерот”
„Александар Турунџев”
„Тодор Ангелевски”
„Естреа Мара”
„Стив Наумов”
„Димитар Влахов”
„Ѓорѓи Сугарев”
„Васко Карангелевски”
„Коле Лачето”
„Ѓорѓи Наумов”
„Панде Кајзерот”
„Јонче Мурџевски”
„Таки Даскало”
„Кочо Десано“
„Стево Патако”
„Блаже Рогозинарот”
„Коле Канински”

Во населените места:

| | |
|---|---|
| с.Буково | с.Породин |
| с.Брусник | с.Кукуречани |
| с.Лавци | с.Лопатица |
| с.Крклино | с.Лисолај |
| с.Логоварди | с.Црнобуки |
| с.Братиндол | с.Црнеец |
| с.Поешево | с.Канино |
| с.Бистрица | с.Кажани |
| с.Барешани | с.Лера |
| с. Драгош | с. Рамна |
| с.Егри | с.Цапари |
| с.Кравари | |

Член 4

Користењето на горенаведените простории во месните заедници е без надоместок.

Организаторот на предизборните собири е должен просториите да ги користи како добар домаќин, а сите настанати штети ќе ги надомести на своја сметка во рок од 24 часа.

Член 5

Дозвола за одржување предизборни собири ја дава одговорното лице во МЗ.Организаторот на предизборниот собир во договор со одговорното лице во МЗ,обезбедува слободен термин за одржување на предизборниот собир.Организаторот на предизборниот собир е должен да достави барање до одговорното лице во МЗ, најдоцна 3 дена пред денот на одржувањето на собирот.

Член 6

Користењето на просториите во урбаните заедници за одржување на предизборните собири започнува од 01.03.2009 година.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината”.

Бр.07-75/6
28.01.2009 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката
за донесување на ДУП „Централно Градско Подрачје 2 дел
Урбан Блок 4“ Битола

1. Ја објавувам Одлуката за донесување на ДУП „Централно Градско Подрачје 2 дел Урбан Блок 4“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 28.01.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-230/5
30.01.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 26 став 5 точка 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ” бр. 24/08) пречистен текст и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.01.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на ДУП „Централно Градско Подрачје 2 дел Урбан Блок 4“ Битола**

Член 1

**СЕ ДОНЕСУВА** Одлука за донесување на ДУП „Централно Градско Подрачје 2 дел Урбан Блок 4“ Битола.

Член 2

Границите на ДУП „Централно Градско Подрачје 2 дел Урбан Блок 4“ Битола се: од север и запад ул. „Прохор Пчински“, од исток со улицата „Едвард Кардељ“ и „Прилепска“ и на југ со улица „Жикица Јовановиќ-Шпанац“ каде се затвора опфатот.

Опфатот на Блокот има површина од 2,00 ха.

Член 3

ДУП за „Централно Градско Подрачје 2 дел Урбан Блок 4“ - Битола се состои од текстуален и графички дел кои се составен дел на оваа Одлука.

Член 4

ДУП за „Централно Градско Подрачје 2 дел Урбан Блок 4“ - Битола се заверува со потпис и печат од донесителот на планот.

Член 5

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-75/7
28.01.2009 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката
за донесување на ДУП „Урбана Единица 8
Урбан Блок 3“ Битола

1. Ја објавувам Одлуката за донесување на ДУП „Урбана Единица 8 Урбан Блок 3“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 28.01.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-230/6
30.01.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 26 став 5 точка 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ” бр. 24/08) пречистен текст и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.01.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на ДУП „Урбана Единица 8**
**Урбан Блок 3“ Битола**

Член 1

**СЕ ДОНЕСУВА** Одлука за донесување на ДУП „Урбана Единица 8 Урбан Блок 3“ Битола.

Член 2

Границите на ДУП „Урбана Единица 8 Урбан Блок 3“ Битола се: почеток од аголот на ул. „Христо Ботев со ул. „Кузман Јосифовски“ се движи кон југ по осовината на ул. „Кузман Јосифовски“ до пресек со ул. „Стево Патако“ и ул. „Стив Наумов“ продолжува кон исток по осовината на ул. „Стив Наумов“ до пресек со ул. „Христо Ботев“ до осовината на ул. „Христо Ботев“ до почетната точка каде се затвара опфатот.

Опфатот на вака предложениот Блок има површина од 4,00 ха.

Член 3

ДУП „Урбана Единица 8 Урбан Блок 3“ - Битола се состои од текстуален и графички дел кои се составен дел на оваа Одлука.

Член 4

ДУП „Урбана Единица 8 Урбан Блок 3“ - Битола се заверува со потпис и печат од донесителот на планот.

Член 5

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-75/8
28.01.2009 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението
за измена и дополнување на Решението за именување
членови во Управниот одбор на Зоолошката градина - Битола

1. Го објавувам Решението за измена и дополнување на Решението за именување членови во Управниот одбор на Зоолошката градина - Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 28.01.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-230/7
30.01.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 34 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/03) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.01.2009 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за измена и дополнување на Решението за именување
членови во Управниот одбор на Зоолошката градина - Битола

1. Во Решението за именување членови во Управниот одбор на Зоолошката градина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.16/05), во точка 1 се врши измена и дополнување на начин што на место досегашниот член Ричард Алексовски се именува Илчо Дишковски, ВШС, од Битола, ул. „Васил Брклевски“ бр. 32.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-75/9
28.01.2009 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението
за измена и дополнување на Решението за именување
два претставници од Општината Битола во Училишниот одбор на
ОУ „Д-р Трифун Пановски“ Битола

1. Го објавувам Решението за измена и дополнување на Решението за именување два претставници од Општината Битола во Училишниот одбор на ОУ „Д-р Трифун Пановски“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 28.01.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-230/8
30.01.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 57 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование („Службен весник на РМ бр. 63/04) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.01.2009 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за измена и дополнување на Решението за именување
два претставници од Општината Битола во Училишниот одбор на
ОУ „Д-р Трифун Пановски“ Битола

1. Во Решението за измена и дополнување на Решението за именување два претставници од Општината Битола во Училишниот одбор на ОУ „Д-р Трифун Пановски“ Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 14/05) во точка 1 се врши измена и дополнување на начин што на место досегашниот член Благица Талевска, се именува Лидија Николовска, дипл.психолог, од Битола, ул. „Партизанска“ бр. 85/7.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-75/10
28.01.2009 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката
за утврдување Нацрт-Планот на ДУП „Станбена Заедница 8
Блок 5“ Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување Нацрт-Планот на ДУП „Станбена Заедница 8 Урбан Блок 5“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 28.01.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-230/9
30.01.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за урбанистичко и просторно планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 24/08), и член 70 од Статутот на Општина Битола ("Сл. гласник на Општина Битола„ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.01.2009 година, донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување Нацрт – Планот на ДУП „Станбена заедница 8 Блок 5" Општина Битола

### Член 1

**СЕ УТВРДУВА** Нацрт – Планот на ДУП „Станбена заедница 8 Блок 5" Битола.

### Член 2

По Нацрт Планот ќе се организира Јавна презенатација и јавна анкета

### Член 3

Во Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Станбена заедница 8 Блок 5" Битола бр. 07-2868/10 од 31.10.2007 г. објавена во „Сл. гласник на Општината Битола" бр. 17/07 член 1 се менува и гласи:

Граници на Блокот се осовините на сообраќајниците: запад ул. „Ѓорги Наумов" север ул. „Стив Наумов" и ул. „Цар Самоил" исток ул. „Пецо Божиновски" југ ул. „Лавчанска Корија".

Опфатот на овој Блок има површина од 7,65 ха.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола".

Бр.07-75/11
28.11.2009 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката
за утврдување Нацрт – Планот на Урбанистички План вон населено место
за стопански комплекс (Фабрика за рафинирање на масло)
м.в. „Винарски Пат“ Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување Нацрт – Планот на Урбанистички План вон населено место за стопански комплекс (Фабрика за рафинирање на масло) м.в. „Винарски Пат“ Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 28.01.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-230/10 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 30.01.2009 год. | на Општината Битола, |
| Б и т о л а | Владимир Талески |

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за урбанистичко и просторно планирање (“Сл. весник на РМ” бр. 24/08), и член 70 од Статутот на Општина Битола (“Сл. гласник на Општина Битола„ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.01.2009 година, донесе

# О Д Л У К А

**за утврдување Нацрт – Планот на Урбанистички План вон населено место за стопански комплекс (Фабрика за рафинирање на масло) м.в. „Винарски Пат“ Општина Битола**

## Член 1

**СЕ УТВРДУВА** Нацрт – Планот на Урбанистички План вон населено место за стопански комплекс (Фабрика за рафинирање на масло) м.в. „Винарски Пат“ КО Битола Општина Битола.

## Член 2

По Нацрт Планот ќе се организира Јавна презенатација и јавна анкета

## Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-75/12
28.11.2009 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката
за утврдување Нацрт – Планот на Урбанистички План вон населено место
за стопански комплекс Фабрика за млеко и млечни производи
„Црвеник" КО Братин Дол Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување Нацрт – Планот на Урбанистички План вон населено место за стопански комплекс Фабрика за млеко и млечни производи „Црвеник" КО Братин Дол Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 28.01.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-230/11
30.01.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за урбанистичко и просторно планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 24/08), и член 70 од Статутот на Општина Битола ("Сл. гласник на Општина Битола„ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.01.2009 година, донесе

# **О Д Л У К А**

**за утврдување Нацрт – Планот на Урбанистички План вон населено место за стопански комплекс Фабрика за млеко и млечни производи „Црвеник" КО Братин Дол Општина Битола**

## **Член 1**

**СЕ УТВРДУВА** Нацрт – Планот на Урбанистички План вон населено место за стопански комплекс Фабрика за млеко и млечни производи „Црвеник" КО Братин Дол Општина Битола.

## **Член 2**

По Нацрт Планот ќе се организира Јавна презенатација и јавна анкета

## **Член 3**

Во Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на Урбанистички План вон населено место за стопански комплекс Фабрика за млеко и млечни производи во м.в. „ЦРВЕНИК" КО Братин Дол Општина Битола бр. 07-1595/24 од 25.06.2008 г. објавена во „Службен гласник на Општината Битола" бр. 11/08 во член 1 став 2 КП бр. 409/2 СЕ БРИШЕ, а место КП бр. 987 треба да стои КП.бр. 967.

## **Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола".

Бр.07-75/13
28.11.2009 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката
за утврдување Нацрт – Планот на Урбанистички План вон населено место
м.в. „Поројница“ КП бр. 122 (во близина на Крклинско Патче)
Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување Нацрт – Планот на Урбанистички План вон населено место м.в. „Поројница“ КП бр. 122 (во близина на Крклинско Патче) Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 28.01.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-230/12
30.01.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за урбанистичко и просторно планирање (“Сл. весник на РМ” бр. 24/08), и член 70 од Статутот на Општина Битола (“Сл. гласник на Општина Битола„ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.01.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување Нацрт – Планот на Урбанистички План вон населено место м.в. „Поројница“ КП бр. 122 (во близина на Крклинско Патче) Општина Битола**

**Член 1**

**СЕ УТВРДУВА** Нацрт – Планот на Урбанистички План вон населено место м.в. „Поројница“ КП бр. 122 (во близина на Крклинско Патче) Општина Битола.

**Член 2**

По Нацрт Планот ќе се организира Јавна презенатација и јавна анкета

**Член 3**

Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на Урбанистички План вон населено место „Клучка Кукуречани“ КО Кукуречани Општина Битола бр. 07-364/18 од 25.02.2008 г. објавена во „Службен гласник на Општината Битола“ бр. 3/08 СЕ МЕНУВА во насловот и ГЛАСИ: Урбанистички План вон населено место м.в. „Поројница“ КП.бр. 122 (во близина на Крклинско Патче) Општина Битола.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-75/14
28.01.2009 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката
за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола
на Основното училиште „Ѓорги Сугарев“ Битола

1. Ја објавувам Одлуката за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Основното училиште „Ѓорги Сугарев“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 28.01.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-230/13
30.01.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 4 од Одлуката за определување на критериуми за одредување на финнсиска помош од Буџетот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 15/08) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.01.2009 година, донесе

# О Д Л У К А
## за доделување финансиска помош од Буџетот на Општината Битола на Основното училиште „Ѓорги Сугарев“ - Битола

### Член 1

На Основното училиште „Ѓорги Сугарев“ - Битола му се доделуваат 230.000 денари од Буџетот на Општината Битола ставка 482930 – Реконструкција на други објекти – Програма N1 – основно образование.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-75/15
28.01.2009 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

## за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за определување висината на надоместокот на членовите на Советот на Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за определување висината на надоместокот на членовите на Советот на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 28.01.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-230/14
30.01.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 2 од Законот за измени и дополнување на Законот за плати и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на РМ“ бр. 121/07 и 161/08) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.01.2009 година, донесе

# О Д Л У К А
## за измена и дополнување на Одлуката за определување висината на надоместокот на членовите на Советот на Општината Битола

### Член 1

Во Одлуката за определување висината на надоместокот на членовите на Советот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 17/07), во членот 2 став 1 бројот “70%“ се заменува со бројот „84%“.

Во истиот член и став зборот „нето“ се брише.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“

Бр.07-75/16
28.01.2009 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за давање на користење недвижен имот
во сопственост на Општината Битола без надоместок

1. Ја објавувам Одлуката за давање на користење недвижен имот во сопственост на Општината Битола без надоместок, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 28.01.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-230/15<br>30.01.2009 год.<br>Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општината Битола,<br>Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија“ 5/02), член 22 став 1 точка 36 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), а во врска со член 15 од Правилникот за условите на стопанисување и начинот на продажба и давање на користење недвижни ствари во сопственост на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 14/07), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.01.2009 година, донесе

# О Д Л У К А
## за давање на користење недвижен имот во сопственост на Општината Битола без надоместок

### Член 1

Со оваа одлука на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Скопје - Служба за земјоделство Битола му се даваат на користење просториите бр. 10 и 14 на втори спрат од зградата-стар Извршен совет, сопственост на Општината Битола, без надоместок.

### Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општината Битола да склучи договор со кој ќе се регулира начинот на користење на просториите во сопственост на Општината Битола.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-75/17<br>28.01.2009 г.<br>Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Советот на Општината Битола<br>Лилјана Кузмановска